МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ЗАПИСНИК**
**од 11. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 27 март 2026 година (петок)**

Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 27 март 2026 година (петок), со почеток во 14.00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 27 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветаноска, Предраг Станковски, Давор Грче, Неделчо Крстевски, Елена Домика, Димитар Георгиевски, Филип Ивановски, Ана Цветановска, Александар Петровски, Владимир Бислимовски, Вера Бужаровска, Радослав Трашановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Катерина Илиева, Ивана Петковска, Зоран Краљевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Филип Филиповски, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Цiривири.

Пополнетиот евиденциски лист е доказ за присуство на член на Советот на 11. Седница на Советот на Општина Карпош.

На 11. седница на Советот присуствуваа раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 11. седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Претседателот по земен збор посочи дека се пристигнати материјали со предмет од просветен државен инспекорат по кој треба да се одлучува на Совет во однос на тоа е предложена за додавање точка на дневниот ред како точка со реден број 1 и пред почетокот на седницата се поделени материјали за истата исто така укажа дека се отстранува деветата точка од првичниот дневен ред бидејќи со промена на програмата предвидена во точка 8 се обезбедуваат средствата предвидени за точка 9.

Точката која се предложува гласи:
- **Предлог -Решение за разрешување на училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“ Општина Карпош - Скопје**

За збор се јави членот на советот Татјана Стојановска која побара точка на дневен ред **Советнички прашања** и побара да се обрати пред советниците и целата јавност.
Претседателот посочи дека ќе даде слободен простор за обраќање по усвојување на дневниот ред.
За збор се јави членот на советот Добрила Андоновска која посочи дека материјалите за додавање на точката не биле на време доставени според нејзиното констатирање. Според Андоновска тоа што е поделено не се материјали за точка, односно тоа е доставена конкретна предлог-одлука по која треба да се гласа, побарано е да се достават материјалите и пауза од половина час за разгледување на истите. Додаде образолжение зашто нема да позитивно да гласа за додавање и одлучување на точката и дека по истата можно е да има правни последици кон предлагачот (Градоначалник) така и кон самата институција, а тоа е следното цитирам:
- Според Законот за просветна инспекција не постои член што дозволува инспектор да бара разрешување на цел училишен одбор. Инспекторот има право да бара одговорност на поединци, но не и на колективно разрешување. Таквото барање би било правно неосновано и надвор од надлежностите. Правната поврзаност помеѓу Законот за просветна инспекција и Законот за основно образование е со јасен заклучок зошто не може да се разреши цел училишен одбор. Според Законот за просветна инспекција, член 6, инспекторот врши надзор и предлага мерки, член 18 може да иницира постапка за одговорност на поединец, член 19 налага отстранување на неправилностите. Клучно, ниту еден од овие членови не дава право да се бара разрешување на цел колективен орган, во овој случај училишен одбор. Според Законот за основно образование, член 119 училишниот одбор има седум членови, секој член се разрешува поединечно, Градоначалникот го разрешува оној што го именувал основачот. Советот може да го разреши само членот кој што го именувале како претставник на основачот. Советот не може да ги разреши со еден акт членовите кои што се предложени од Советот на

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

родители и членовите кои што се предложени од наставничкиот совет. Нема можност за колективно разрешување со една одлука. Дополнителна логика од законот мандатот е индивидуален, одговорноста е индивидуална. Претставувањето од различни структури основачот, родителите и вработените значи не може сите да се третират како еден правен субјект. Што не може Советот на општината или што може Советот, Советот може да разреши само своите претставници. Оној член на училишен одбор кој што ние сме го именувале, но не може да ги разреши сите седум членови, бидејќи дел од нив не ги именуваат. Главен правен заклучок комбинирано толкување од двата закони, Законот за просветна инспекција не дозволува барење за разрешување на цел училишен одбор. Законот за основно образование дозволува само индивидуално разрешување. Затоа барањето од инспекторат за разрешување на цел училишен одбор е правно неосновано. Одлука на Советот за разрешување на цел одбор е незаконита. Ако се донесе таква одлука, може да се оспори пред суд. Постои основ за поништување и можно е одговорност на предлагачот и донесувачот.

За збор се јави членот на Советот Дарко Ристовски кој посочи цитирам:

- Советот на Општина Карпош не може директно да разреши училишен одбор, Советот на Општина Карпош има основачки и надзорни надлежности. Не врши директно разрешување на училишниот одбор. Со тоа и точката не е како што треба. Кој може да разреши основачот општината, но преку Градоначалник, не директно од Советот.

Претседателот на Совет Христо Саракинов по земен збор посочи дека во минатото била донесена иста вакава одлука во 2019 година за ООУ "Братство" во време на Градоначалникот Стефан Богоев и немало ништо спорно околу таа одлука.

За збор се јави членот на Советот Горан Михајлов и посочи дека точката е нелегитимно ставена се нема доволно аргументи по истата и можно е да има правно последична процедура доколку истата се изгласа.

Претесадателот на совет по земен збор посочи дека работи исклучиво според законските прописи кои го регулираат самиот Совет.

Претседателот на совет ја стави предложената точка на гласање за додавање на дневниот ред.

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, 9 гласа ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН** пред да биде констатирано гласањето Претседателот свика пауза.

По паузата седницата на Советот на Општина Карпош беше прекината на одреден временски период.

**11 Седница на Општина Карпош продолжи со својата работа на 31.03.2026 година вторник во 16.30 часот (прво продолжение)**

Претседателот констатира присутност на мнозинството од советници со што седницата може да продолжи со работа и полноважно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветаноска, Предраг Станковски, Давор Грче, Неделчо Крстевски, Елена Домика, Димитар Георгиевски,Филип Ивановски, Ана Цветановска, Александар Петровски, Владимир Бислимовски, Радослав Трошановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Катерина Илиева, Ивана Петковска, Зоран Краљевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Филип Филиповски, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Циривири.

Оправдано отсутни членови на Советот се Филип Филиповски и Вера Бужаровска.

Пополнетиот евиденциски лист е доказ за присуство на член на Советот на првото продолжение на 11. седница.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја продолжи 11. седница на Советот на Општина Карпош.

За збор се јави членот на Советот Добрила Андоновска и посочи дека е поднесен приговор до претседателот на советот за суштински повреди на деловникот за работа на Советот и истиот побара во целост да биде внесено во записникот:

„Со овој Приговор укажувам на сериозни и суштински повреди на Деловникот на Советот на Општина Карпош при водење на 11-та седница, со што е нарушена законитоста и уредноста на постапката. По спроведеното гласање по предлогот за

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

дополнување на Дневниот ред со точка „Предлог - Решение за разрешување на Училишниот одбор на ООУ„Јан Амос Коменски" не беше дадена јасна и недвосмислена констатација за исходот од гласањето. Со тоа е повредена обврската на претседателот да го утврди резултатот од гласањето и да ја формализира одлуката на Советот, што произлегува од правилата за водење на седницата и одлучување утврдени со член 36 од Деловникот. Отсуството на формална констатација создава правна неизвесност и ја доведува во прашање валидноста на понатамошните процесни дејствија. Дополнително, по завршување на паузата, седницата беше прекината без образложение и без утврдување на постоење на законски услови за таков прекин. Не беше констатиран недостаток на кворум, ниту беа наведени други оправдани причини предвидени со Деловникот. Со ваквото постапување е сторена повреда на одредби кои го регулираат текот, одржувањето и прекинувањето на седниците, односно член 77 и член 86 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош, кои предвидуваат дека седницата може да се прекине или одложи само под јасно утврдени услови и со соодветна констатација од страна на претседателот. Непочитувањето на наведените одредби не претставува технички пропуст, туку суштинска повреда на деловничката постапка. Со тоа се нарушуваат принципите на правна сигурност, транспарентност и уредно функционирање на Советот, а донесените или недонесените одлуки се доведуваат во состојба на правна неизвесност и потенцијална оспорливост.
Имајќи ја предвид тежината на наведените повреди, ваквиот начин на водење на седницата создава сериозен ризик од девалвирање на институционалниот интегритет на Советот и отвара основ за понатамошни правни постапки.
БАРАМ:

- Итно писмено образложение за правниот основ и причините за прекинување на седницата;
- Недвосмислено утврдување и внесување во записникот на исходот од гласањето по предметниот предлог;
- Целосно, точно и веродостојно внесување на сите процесни дејствија во записникот на седницата;
- Доследно почитување на одредбите од Деловникот, особено член 36, 77 и 86, со цел спречување на вакви суштински повреди во иднина.
- Внесување на Приговорот во целост во записникот од 11. Седница на Совет на Општина Карпош.

Во спротивно, ќе бидам принудена да иницирам постапки за утврдување на одговорност согласно важечките прописи."

Членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска по земен збор побара поименично гласање за точката која треба да се додаде на дневниот ред согласно член 92 од деловникот на Општина Карпош.

Се разви дискусија помеѓу сите присутни околу самото гласање за точката која требаше да се додаде на дневниот ред за 11. Седница во која со свои ставови и дискусии учествуваа членовите на Советот по што поголем дел од членовите на Советот ја напуштија седницата и поради немање кворум односно 13 советници од вкупно 27. Претседателот на совет истата ја прекина на одреден временски период.

**11 Седница на Општина Карпош продолжи со својата работа на 02.04.2026 година вторник во 09.00 часот (второ продолжение)**

Претседателот констатира присутност на мнозинството од советници со што седницата може да продолжи со работа и полноважно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветаноска, Предраг Станковски, Давор Грче, Неделчо Крстевски, Елена Домика, Димитар Георгиевски,Филип Ивановски, Ана Цветановска, Александар Петровски, Владимир Бислимовски, Радослав Трашановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Катерина Илиева, Ивана Петковска, Зоран Краљевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Циривири.

Оправдано отсутен член на Советот е Вера Бужаровска.

Пополнетиот евиденциски лист е доказ за присуство на член на Советот на второто продолжение на 11. седница.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја продолжи 11. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Совет, продолжи од таму каде што застана и **констатира дека по спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, 9 гласа ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН**, не е усвоено додавање на Предлог -Решението за разрешување на училишниот одбор на

општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“ Општина Карпош – Скопје на дневниот ред за 11. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на совет го стави на гласање Предлогот точка 9 да се повлече од дневниот ред.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено Предлогот да се иземе точка 9 од дневниот ред.**

Беше предложено и додавање на точка Советнички прашања како последна точка на дневниот ред од страна на членот на Советот Татјана Стојановска.

Претседателот на совет го стави предлогот на гласање.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено Советнички прашања како точка за додавање на дневниот ред.**

Претседателот на совет го стави изменетиот дневен ред на гласање.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и изменетиот дневниот ред го стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен изменетиот:**

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување записник од 10. седница**

1. **Предлог-Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за изградба на новопроектирана секундарна улична мрежа за дел од сервисна улица: „Д“ и дел од сервисна улица „А“ (ул.Скупи-3) -н.м. Злокуќани, Општина Карпош**
2. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје**

3. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје**
4. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје**
5. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје**
6. **Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**
7. **Предлог-Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациии наменети за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година**
8. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година**
9. **Предлог-Одлука за усвојување на План за заштита и спасување на подрачје на Општина Карпош (+презентација)**
10. **Предлог-Правилник за заштита од пожари и експлозии**
11. **Советнички прашања**

За збор се јави членот на советот Добрила Андоновска која побара нејзиното обраќање во целост да биде внесено во записник:
„Почитуван градоначалник, почитуван претседател на Советот, почитувани советници, почитувани медиуми, почитувана јавност, во врска со повлекувањето на предлогот за дополнителна точка на Дневниот ред: „Предлог-Решение за разрешување на Училишниот одбор на Општинско основно училиште „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош – Скопје“, Јасно и недвосмислено констатирам дека: Предлогот беше разгледан на 11-та седница на Советот, одржана на 27 март 2026 година и не го доби потребното мнозинство гласови, што претставува јасно изразена волја на Советот. Државниот просветен инспекторат нема законска надлежност да му наложува на Советот разрешување на цел Училишен одбор. Секој обид за наметнување на таква одлука

претставува излегување надвор од законските рамки и директно навлегување во автономијата на Советот. Рокот од 15 дена за постапување по барањето е истечен, со што постапката е не само фактички, туку и формално завршена и не може понатаму да продолжи. Пет од седум членови на Училишниот одбор поднеле оставка под притисок. Сепак, и покрај два неуспешни, неделовнички обиди, Советот не се подложи на тие притисоци и не донесе ваква одлука, со што јасно ја потврди својата институционална независност и одговорност. Повлекувањето на оваа точка не е слабост, туку потврда на законитото постапување и почитување на процедурите. Советот постапува исклучиво врз основа на закон и Деловник, а не под притисок.
Отворањето на истото прашање без нов и валиден правен основ би претставувало повреда на принципите на правна сигурност и законитост и како такво не треба да биде дозволено. Советот не смее да биде алатка на притисоци – туку гарант на законитоста."

Претседателот на совет по земен збор укажа дека е известен за примениот приговор и дека по истиот писмено ќе одговори, но посочи дека делува исклучиво по закон и деловник и укажа дека седницата ќе биде продолжена онаму каде што е прекината.

За збор се јави членот на Советот Горан Михајлов и укажа на следното секое процедурално дејство и кога ќе се продолжува, во секое процедурално дејство во фазата на целата седница, кога ќе има сомнеж или било кој од советниците има увид дека е прекршено процедуралното право, има право да побара процедурално или процедурално прашање. Не е тоа закажано на 25 јануари и тогаш само имате право и ако не го побарате тоа. Советникот сакал иницијатива да поведе и посочи дека тоа право му го овозможува член 15 од деловникот на Општина Карпош.

За збор се јави членот на советот Адријана Јакимовска Панчевска и укажа на тоа дека нема потреба да се прави политичка драма на самата седница, советниците од нејзината советничка група ја одглавуваат седницата во интерес на децата и нормално функционирање на училиштето.

Се разви дискусија помеѓу членовите на советот Добрила Андоновска, Христо Саракинов, Благица Цветановска кои со свои ставови и дискусија ги разрешија своите прашања кои ги имаа по настанатата ситуација со училиштето.

Претседателот свика кратка пауза.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

По паузата претседателот констатира мнозинство на советници со што седницата продолжи да работи и полноважно да одлучува.

Дискусијата продолжи да се одвива помеѓу членовите на советот Добрила Андоновска, Адријана Јакимовска Панчевска и Татјана Чакулев околу разни гласања по разни одлуки кои се носеле во минатото и на каков начин се носеле истите. Се предложи иницијатива за формирање на комисија за измена на деловник со кој подобро би се уредиле одредени правила за носење одлуки. Дискусијата се водеше со цел да не се повторат грешки кои се правеле во минатото со цел носење на квалитетни одлуки кои се во интерест на ѓраганите на Општина Карпош.

Претседателот на Совет отвори расправа по записникот од 10, седница на Советот на Општина Карпош.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и записникот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен записникот за 10. седница на Општина Карпош.**

Претседателот на Советот помина на расправа по точките од усвоениот дневен ред.

Претседателот на Совет го повика членот на советот Адријана Јакимовска Панчевска како претседател на комисија за финансии и локален економски развој да даде извештај по точките кои се разгледувале.

Членот на советот Адријана Јакимовска Панчевска извести дека комисијата била одржана на ден 25 март 2026 година и интегрално извести за точките кои биле разгледани.

Претседателотна Совет го повика членот на советот Димитар Георгиевски како претседател на комисија за комунални работи и сообраќај да даде извештај по точките кои се разгледувале.

Членот на советот Димитар Георгиевски извести дека комисијата била одржана на ден 27 март 2026 година и извести за точката која се разгледала.

**1. Предлог-Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за изградба на новопроектирана секундарна улична мрежа за дел од сервисна улица: „Д“ и дел од сервисна улица „А“ (ул.Скупи-3) -н.м. Злокуќани, Општина Карпош**

Претседателот на Совет отвори расправа по точката.

За збор се јави членот на Советот Татјана Стојановска и постави прашање чија е иницијативата за ваква соработка дали на Општина Карпош или на Град Скопје.

Градоначалникот Сотир Лукровски по земен збор одговори дека иницијативата е од страна на Општина Карпош бидејќи се работи за голема сума на средства 9. 000 000 денари кои ќе бидат обезбедени од Градот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Одлуката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за изградба на новопроектирана секундарна улична мрежа за дел од сервисна улица: „Д“ и дел од сервисна улица „А“ (ул.Скупи-3) -н.м. Злокуќани, Општина Карпош**

Претседателот на Совет предложи заедничка расправа од точка 2 до точка 5 бидејќи се со иста тема на разгледување а поединечно гласање за истите.

**Претседателот ја стави иницијативата на гласање, по спроведеното гласање со 24 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена иницијативата.**

**Претседателот отвори заедничка расправа од точка 2 до точка 5.**

За збор се јави членот на Советот Татјана Стојановска со прашање во однос на процедурата при гласање на точките со ваква тема.

За поставеното прашање имаше соодветен одговор од страна на присутните членови.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Одлуките ги стави на гласање.

2 .Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје

По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје

3. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје

По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје

4. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје

.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје**

**5. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје**

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје**

Претседателот на Совет го повика членот на советот Адријана Јакимовска Панчевска како претседател на комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања да даде извештај по точките кои се разгледувале.

Членот на советот Адријана Јакимовска Панчевска извести дека комисијата била одржана на ден 25 март 2026 година и извести за точката која се разгледувала.

**6. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по точката.

Членот на Советот Татјана Стојановска констатираше следно дека во одлуката има дел каде што стојат прашалници бидејќи нема понуда на членови во управниот одбор и се

договориле дека ќе понуделе во конечната одлука да се измени тој дел и да стои поради немање членови се одложува изборот на тие членови.

Членот на советот Добрила Андоновска посочи дека без разлика која одлука се носи а е поврзана со именување на членови задолжително да се доставуваат биографии на кандидатите кои се предложени.

Од службите се даде образложение дека не се именува член на управен одбор тоа си го прави самата градинка Советот само го верификува членот кој е посочен.

Членот на Советот Добрила Андоновска по земен збор укажа дека има промени во законот и истите треба се пратат и како такви да се применуваат.

Бидејќи никој  друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и предлог-решението го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**

**7. Предлог-Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациии наменети за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и предлог-правилникот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Правилникот за методологија за утврдување  на критериуми за распределба на  блок дотациии наменети за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година**

**8.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по точката.

По земен збор членот на Советот Добрила Андоновска посочи дека ќе ја подржи оваа точка но и укажа дека праксата покажува да во носење на програмите во иднина неопходно е да има ставка во програмата која ќе гласи еднократна финансиска поддршка од областа на образованието, каде што спаѓа доделување еднократна финансиска поддршка на лица кои се занимаваат со активности од областа на образованието и кои средства ќе бидат наменети за поддршка за ученици и наставници за учество на меѓународни натпревари. Со ваква констатација се сложил и градоначалникот но и во иднина да нема вакви промени на програмата за секој нареден проект кој произлегува од образование да се вршат промени на истата.

За збор се јави членот на Советот Катерина Илиева и посочи дека ќе се поддржи точката но во иднина да има повеќе информации во однос на тоа за каков проект се работи и за што ќе се употребат конкретно средствата кои се одобруваат од страна на Советот.

Од службите посочија дека проектот е предвиден во програмата на самото училиште и самиот проект има агенда на активности во даден временски период кој се предвидуваат да се остварат, исто така средствата кои се одобруваат се наменети за хотелско сметување и патување како на наставниците така и на децата кои ќе патуваат.

По земен збор претседателот на советот Христо Саракинов детално ја прочита агендата која се предвидува да се оствари на соработката меѓу двете училишта.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Програмата ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година**

**9. Предлог-Одлука за усвојување на План за заштита и спасување на подрачје на Општина Карпош**

Претседателот на Совет отвори расправа по точката при тоа ги повика колегите кои се најавени за презентација на планот.

Од службите извршија детална презентација на сите 12 планови кои го сочинуваат Планот за заштита и спасување, но се даде објаснување во кои рамки од законот може одделението да дејствува и кои надлежности во одредена постапка ги има во однос на институциите кои се на повисоко ниво во државата. Од службите посочија и примери каде што одделението за заштита и спасување учествувало како и за обуките кои редовно се оддржуваат со цел единицата секогаш да може соодветно да одговори на предизвиците.

Се разви дискусија помеѓу членовите на Советот во форма на прашања и надлежности на одделението на кои прашања беше соодветно и детално одговорено.

По дискусијата, претседателот на Советот го затвори претресот и предлог-одлуката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за усвојување на План за заштита и спасување на подрачје на Општина Карпош.**

**10. Предлог-Правилник за заштита од пожари и експлозии**

Претседателот на Совет отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Правилникот ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоен Правилникот за заштита од пожари и експлозии.**

Претседателот на Совет го повика Членот на советот Татјана Стојановска да се обрати од говорница, која се обрати во насока на тоа дека администрацијата, градоначалникот како и Советот треба заедно да работат кон решавање на долгогодишните проблеми кои ги засегаат граѓаните. Исто така да се иницираат повеќе иницијативи за изградба и дозавршување на големи инфранструктурни и други проекти кои се од особена важност за функционирање и живеење на граѓаните. Поставените прашања до служпите да се одговараат редовно но и да се превземаат активности во насока на изнаоѓање на решенија за настанатите проблеми. При тоа даде неколку примери кои би требало во иднина да се доврзат а веќе се започнати.

**11. Советнички прашања**

**Членот на Советот Татјана Стојановска на 11. Седница ги постави следните прашања**
1.Барање за иницијатива до Град Скопје за поставување на клупите на Кеј на пешачката патека , на територија на општина Карпош. Во моментов нема ниту една клупа на делот на кејот на територија на општина Карпош.

2. Барање за иницијатива за формирање кризен штаб за проблемот со бездомни кучиња со вклучени повее институции, Лајка, Град Скопје , МВР, АХВ, граѓански здруженија, соседни општини

3. Што се случува со акцијата за подигање на хаварисани возила од паркинзите? Во извештаите за инспекциски надзор најдов само казни за возила во зеленило? Колку се подигнати , каков е планот за понатамошно регулирање на тие возила и каде повторно да пријават граѓаните, бидејќи доста од нив пријавиле, но немало отстранување? Потпрашање, зошто се доцни со поставување на извештаите на општинската страна, законот наложува неделно известување.

4. Зошто се уште не е одговорено по барање број 68-8045/1 и /2 од 13.11.2024, за улица Иван Цанкар? Имало контакт со раководително на сектор инспекторат, и кажано е дека ќе се провери каде е заглавено, оттогаш никаква информација до граѓаните.

5. Кога ќе заврши јавната набавка врзана со сервисирање на уличното осветлување? Премногу граѓани се жалат дека не функционира во многу делови на Карпош.

6. Зошто сеуште не се доставени заклучоците од анкетните листови кај планерот за 306 блок 3 (иницијатор е општина Карпош) . Нема никакво поместување од јавниот увид од август 2025

7. Кога се планира порано отворање на мостот влајко со цел да можат граѓаните да го користат.

8. Кога е планирано отстранување на бесправно изградените објекти по заклучоци: првиот е заклучок за извршување со архивски број 64-19 од 28.02.2025, вториот е известување за заклучок со архивски број 64-49 од 18.12.2024?

На едниот објект е отидено со фирмата ангажирана за рушење и не е постапено. Дали општината ќе го плати работниот ден и ангажирањето на машините за рушење на договорната фирма, а не е реализирано истото? И секако, сеуште стои дивоградбата. Претходниот одговор е дека овие отстранувања се во планот на инспекторатот. Колку има претходни поради кои истите сеуште не се реализирани, а се од крајот на 2024 и почетокот на 2025 година.

9. Кога ќе се санкционира корисникот на просторот кај разрушените соблекувални кај студентскиот дом Гоце, затоа што очигледно ги мина сите законски рокови за постапување по инспекциската контрола и задолжување.

10. Каков е ставот на општината по решението за отстранување на времените објекти на бул.Партизански одреди, ул.Московска и ул.М.Т.Гологанов од страна на Град Скопје? Како општината планира да постапи? Дали ќе бара одлагање, дали ќе ја поддржи жалбата на сопствениците на објектите, дали можеби ќе стави приоритет за отстранување, знаејќи дека имаме многу нереализирани заклучоци од нашата инспекција.

11. Информација во врска со пералната на ул. Никола Парапунов , пред новите згради , кај кулите.По ДУП е Д2, зеленило , но наместо тоа има перална. Почнала да работи пред 5, 6 месеци , но сега не е отворена. Дали истата ќе се отстрани и дали истата има дозвола за работа.

12. Кога и дали ќе се изврши инспекција на засилената миризба од ресторантите во делот на Лептокарија и изведбата на оџаците? Граѓани имаат иницијативи по истото по кои не се постапува

13. Дали е постапено и одговорено по пријави од граѓани бр.64/0932 , 68/0933 од 27.11.2025 како и бр.11-11906/1 и 5-11907/2 од 30.12.2025 ( слика од арх.број во прилог) за проблеми со маркет КАМ и Стокомак на ул.Ангел Динев во Влае 2. Пратени се пријави до сектор инспекторат, животна средина, комунално уредување и градоначалник но

досега не е преземено ништо од страна на општината. Има доставено петиција од сите станари и од управителот ЕКО ДОМ кој ги застапува. Во моментов има боксови за картони залепени до зграда кои создаваат вознемиреност кај граѓаните за нивната безбедност поради можност за пожар кој би создал голема штета и опасност.

**Членот на Советот Добрила Андоновска на 11. Седница ги постави следните прашања**

1. Во врска со веќе поставеното прашање за Ул.Козле 1, на кое прашање е одговорено коректно и сум задоволна од одговорот, поставувам дополнително прашање дали може да се интервенира во соработка со ЈП „Улици и патишта", со што на делот кој е вон ГУП би се поставил мелен асфалт или друг соднетен материјал, како децата не би оделе по кал во училиште?

2. Во врска со веќе поставеното прашање околу исполнување на нормативите за вработување на технички персонал/хигиеничари во основните училишта во Општина Карпош, молам да ми биде даден одговор за секое училиште поединечно: колку има вработено хигиеничари во моментот и колку се предвидени по нормативите дадени од МОН.

Посебно за:

- ООУ. Којдан Чернодрински

- ООУ. Вера Циривири Трена

- ООУ. Петар Поп Арсов

- ООУ. Аврам Писевски

- ООУ. Братство

- ООУ. Димо Хаџи Димов

- ООУ. Јан Амос Коменски

- ООУ.. Владо Тасевски

- ООУ. Христијан Тодоровски Карпош

- ООУ. Лазо Трповски

3. Дали Општина Карпош ќе ги преземе финансирањата (плата и придонеси) после укинување од страна на ресорните министерства на средствата по основ на „старо финансирање" за хигиеничарите, како би се обезбедил неопходен технички персонал и нормално функционирање на училиштата.

**Членот на Советот Славко Митевски на 11. Седница ги постави следните прашања**

1. Објект на Рузвелтова 33 излегува од границите на А1 и има три спрата и поткровје, замолувам да се провери, дали е висината како што треба и зошто катноста поголема. Има приземје, три спрата и поткровје, а се води како А1 индивидуално домување.

2. Дали се има во предвид улицата Фјодор Достоевски да се стави во програма како приоритет за обновување бидејќи се наоѓа во катастрофална состојба.

**Членот на Советот Горан Михајлов на 11. Седница ги постави следните прашања**

1.Проектите што доаѓаат и што се предлагаат од граѓаните да се реализираат, да дојдат до советниците, односно до вториот орган на Општина Карпош и на локалната самоуправа, Советот на општина Карпош. Исклучени сме од комисиите, а јас сум претседател на комисијата за култура. Барам значи дали може да ни ги испратите сите проекти кои аплицираат на огласите што ги има објавено Општина Карпош.

2.„Од градоначалник, кој моментално не е тука, барам до наредната седница да ни го достави целокупниот материјал за оou „Јан Амос Коменски" за разрешување на директорката со целиот материјал што го доставиле инспекторите и целата постапка за да можеме, и имаме право на тоа да разговараме и да видиме како е водена постапката и зошто се доведовме ние во позиција тука сега да се расправаме Сите документи и видиме кој правилно постапил. Во меѓувреме да се побара и да вклучи информација во овие шест месеци во колку други училишта просветниот државниот просветен инспекторат извршил вакви инспекции, и нашол на вакви тешки прекшоци. Дали се побара од инспекторатот да даде информација, во колку училишта е побарано да се сменат директорите во другите општини поради ваквите прекршоци.

**Членот на Советот Катерина Илиева на 11. Седница ги постави следните прашања**

„Почитувани присутни, јас ќе се обратам во интерес на триста стана жители од „Импекс" од два зградата. Сите знаете дека ова е стар проблем. Оние имаат четири кома осум милиони денари сметки за плаќање за водовод, не им стигаат сметките, а водовод им наложува да ги платат. Исто така мислам дека ова овој проблем сите го знаете, барем оние советници што биле од минатиот мандат. Водовод им наложува да ги сменат водомерите на нивен трошок. Ќе ми беше драго градоначалникот да биде тука, бидејќи пред две недели имам информации дека им е исклучена водата таму за пиење, а градоначалникот не знам како направил, па им е вратено. Инаку не знам дали знаете дека „Импекс Л два" е гостиварска фирма во стечај.

Значи прашањето ми е колку време сега они имаат вода, колку време жителите таму се сигурни, колку им останува пред повторно да ја исклучат водата? Пред две недели градоначалникот бил таму, им е пуштена водата. Значи, ако градоначалникот на Карпош имал можност да им врати вода да има, тогаш какви ингеренции имаме? Дополнително, ме интересира зошто е поминат технички прием на објектот со невалидни водомери и барам од вас, од администрација, кој е одговорен за ова, инспекторат или градоначалник дополнително да образложи може и писмено бидејќи не е тука или ако веќе не знае да испита кој е одговорен за ова, за и ние и јавноста да знаеме.

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 11. седница (второ продолжение) на Советот на Општина Карпош.

Изработил:Томче Панчевски
Проверил: Јелена Цветковиќ

**Број: 09-3851/3**
**Датум: 22.04.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Христо Саракинов**